ProCredit Bank
Macedonia
ProCredit Bank, Head Office bul. Jane Sandanski 109a, 1000 Skopje, Macedonia

(Анекс 1)

# Објава за тендер

| | |
|---|---|
| Набавувач: | ПроКредит Банка АД Скопје |
| Назив на тендер: | Тендер за избор на најповолна професионална организација за обезбедување на транспорт на вредносни пратки |
| Број на тендер: | 06/2009 |
| e-mail: | tenders@procreditbank.com.mk |
| Факс: | (02) 321 99 01 |

Датум на објава на тендерот: 12.02.2009 година
Краен датум на доставување на понудите: 20.02.2009 година

Почитувани господа,

ПроКредит Банка АД Скопје ќе врши избор на најповолна професионална организација за обезбедување на транспорт на вредносни пратки.

**Карактеристики**

Понудата потребно е да содржи:

- Цена за обезбедување на локални транспорти на вредносни пратки во рамките на еден град – **фиксна цена во денари**;
- Цена за обезбедување при полнење и/или празнење на банкомати - **фиксна цена во денари**;
- Цена за обезбедување на меѓуградски транспорти на вредносни пратки, односно транспорти на вредносни пратки помеѓу градовите во Р.Македонија – цената треба да биде изразена во **денари / км**

**Напомена:** Во понудените цени треба да бидат вклучени сите трошоци потребни за обезбедување на транспортот, како во рамките на еден град, така и во градовите низ Р. Македонија. Како растојание меѓу градовите ќе биде земена официјалната патна оддалеченост според АМСМ.

**Банката го задржува правото за избор на повеќе компании.**

**Облик и содржина на понудата:**

1. Понудата се изработува во писмен облик
2. Понудата треба да содржи:
   а. Име, адреса и седиште на Понудувачот, броеви на телефон и факс, e-mail адреси и лица за контакт;
   б. Единечна цена на понудата, со посебно изразен ДДВ. Цената треба да биде изразена во денари;
   в. Дозвола за работа согласно законот за обезбедување на имоти и лица од МВР на РМ;
   г. Време на одзив при повик (изразено во часови);
   д. Број на обучени вработени (со службени легитимации);

ProCredit Bank
bul. Jane Sandanski 109a
1000 Skopje, Macedonia
S.W.I.F.T.: PRBUMK22

Phone +389 /02/ 321 99 00
Fax +389 /02/ 321 99 01
www.procreditbank.com.mk
info@procreditbank.com.mk

Members of the Managing Board:
Jovanka Joleska Popovska
Valentina Trajceva Nikovska
Emilija Spirovska

Deputy General Manager
Carina Dunker

ѓ. Техничка опременост – да се наведе бројот и видот на возила кои ги поседува професионалната организација и друга безбедносна опрема ;

е.Докази за квалитет (сертификати за квалитет – доколку организацијата ги поседува);

ж. Референтна листа;

з.Доказ за бонитет од банка или од Централниот Регистар на РМ;

ѕ Антикорупциска изјава потпишана и печатирана – изјавата Ви ја доставуваме во прилог;

и. Информација за тековна состојба на фирмата од Централниот Регистар;

ј. Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка за безбедност забрана за вршење на дејност;

к. Потврда дека не е отворена стечајна постапка;

л. Потврда дека не е отворена ликвидациона постапка;

љ..Странско правно или физичко лице кое се јавува како понудувач доставува ревизорски извештај од матичното правно лице кој треба да биде издаден од реномирана странска ревизорска куќа.

м. Фото-копија од важечка лична карта за физички лица

Доколку професионалната организација за обезбедување на имоти и лица соработува со друга професионална организација при обезбедувањето на транспортот на вредносни пратки, потребно е да се достави и документ со кој е регулирана соработката со организацијата-соработник, дозвола за работа на организацијата-соработник согласно законот за обезбедување на имоти и лица од МВР на РМ, список на обучени лица (со службени легитимации) на организацијата-соработник кои би го обезбедувале транспортот и листа на сопствени возила кои организацијата соработник ги поседува.

Документите се доставуваат во оригинал или копија, со датум на издавање кој **не треба да биде постар од 6 (шест) месеци.**

**Критериуми за оценување** (бодување) што ќе се применуваат при донесување на одлука по тендер се следните:

- Цена на транспортот..............................................................60 бодови
- Време на одзив при повик (изразено во часови)..................15 бодови
- Број на обучени вработени (со службени легитимации)......10 бодови
- Техничка опременост (листа на сопствени возила
  и друга безбедносна опрема) ..............................................10 бодови
- Досегашна соработка со ПроКредит Банка АД Скопје...........5 бодови

Одбраните добавувачи се обврзани да отворат сметка во ПроКредит Банка АД Скопје.

Плаќањето ќе биде извршено во законски рок по извршената услуга.

Понудите треба да се испратат во затворено плико, со ознака "Не отварај" и „За тендер" најдоцна до крајниот датум за доставување на понудите на долунаведената адреса:

**Бул. Јане Сандански 109а, Скопје**
со назнака за **Тендер за избор на најповолна професионална организација за обезбедување на транспорт на вредносни пратки бр.06/2009.**

Понудите кои се примени преку e-mail или по факс, понуди примени по истекот на крајниот рок, понуди добиени и адресирани до вработени на ПроКредит Банка не се сметаат за валидни при одлучување за тендерот.
Пликотото не смее да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува испраќачот.